**20212704302**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 30 став 1 алинеја 2 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.77/21 и 215/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 4 декември 2021 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ ВО ТРГОВИЈАТА НА ГОЛЕМО И ТРГОВИЈАТА НА МАЛО

Член 1

Со оваа одлука се определуваат највисоки цени во трговијата на големо и трговијата на мало на следните производи:

- леб;
- шеќер;
- брашно – тип 400;
- сончогледово масло за јадење;
- трајно млеко со масленост од 2,8%, 3,2% и 3,5%;
- свежо месо и сувомеснати производи и
- сирење и урда.

Највисоките цени на производите од ставот 1 на овој член се утврдуваат на нивото на цените кои се применувале на 1 декември 2021 година, во трговијата на големо и трговијата на мало.

Во определување на највисоките цени на производите од ставот 1 на овој член се исклучуваат цените на привремените попусти (акциски попуст / снижување / распродажба) кои важеле на 1 декември 2021 година, во кои случаи за највисоки определени цени ќе се сметаат цените на производите кои непосредно се применувале пред 1 декември 2021 година, односно пред нивните привремени попусти.

Член 2

Постоењето на привремениот попуст (акциски попуст / снижување / распродажба) за конкретните производи од член 1 од оваа одлука го докажува трговецот со:

- Влезна фактура од добавувач/производител со одобрен попуст;
- Влезна фактура од добавувач/производител со дополнително книжно одобрение за попуст или фактура за маркетинг надомест за спроведување на акцијата и
- Договор или друг вид на двостран акт со кој се потврдува попустот, за кој сеуште не е издадено книжно одобрение.

Член 3

Највисоките цени на производите од член 1 од оваа одлука ќе се применуваат до 31 јануари 2022 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-12195/1
4 декември 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.